




Македонија

# Средба на Спасовски со претседателот на ЗНМ Младен Чадиковски

December 26, 2018 14:31 0 26

0



Министерот Оливер Спасовски денеска одржа работна средба со новоизбраниот претседател на Здружението на новинари на Македонија Младен Чадиковски. Министерот Спасовски му го честита изборот на Чадиковски и му посака успешна работа во текот на неговиот мандат.



Спасовски и Чадиковски се согласија дека соработката меѓу Министерството за внатрешни работи и Здружението на новинари на Македонија е одлична, пред се благодарејќи на редовната комуникација што е воспоставена од минатата година. Соговорниците разговараа за начините како соработката да се подобри врз основа на Меморандумот за соработка, што беше потпишан во декември минатата година со цел да се обезбеди безбедно вршење на работата на медиумските работници. Договорено е во наредната година да продолжат заедничките проекти на МВР и ЗНМ, а во план е и реализација на нови проекти од оваа сфера.

0

‹ ПРЕТХОДНО

**„Рајанер“ им подели откази на сите свои**

СЛЕДНО ›

**(Видео) 25 години затвор за Русинот**

вработени во Холандија

кој силуваше и у
20-годиш
студентка

## RELATED POSTS

### Полицијата врши претрес во куќата на Миленко Неделковски

### Следниот месец доаѓа продолжен викенд, последен неработен ден за годинава

### Премиерот Заев на средба со Здружението на приватни стопанственици од индустриската зона Визбегово